# КОНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА ЗА ДВИЖЕЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ

Македонските граѓани од 19 Декември имаат можност послободно да патуват во земјите на шенген зоната, како придобивка од визната либерализација која што се однесуваше на Србија, Црна Гора и Република Македонија. По тој повод, во текот на минатиот месец (февруари 2010) **Центарот за истражување и креирање политики** од Скопје спроведе анкета на стратифициран репрезентативен примерок на национално ниво составен од 1100 испитаници, со цел да утврди колку граѓаните ја искористиле можноста за послободно патување во овој краток период. Граѓаните беа исто така прашани и колку патувале пред визната либерализација, и со кои проблеми се соочувале пред и по либерализацијата.

## Анализа на резултатите

Според одговорите добиени на прашањето *Дали пред 19 декември сте патувале во земјите на ЕУ?*, **39,5% од испитаниците патувале во некоја од земјите на ЕУ во последните 10 години**. Од оние кои не патувале претходно пак, само **4,5%** го сториле тоа по визната либерализација. Најголем дел од оние кои патувале пред визната либерализација (**74.4**%) одговориле дека патувале приватно.

| Дали пред 19 декември 2009 година сте патувале во земјите на ЕУ? | |
|---|---|
| Да | 39,5% |
| Не | 60,5% |
| Вкупно | 100,0% |

На прашањето дали испитаниците патувале во земјите на ЕУ по 19 декември 2009, само **6.6**% од нив одговриле со дека патувале, додека останатите **93,4**% не патувале.

| Дали од 19 Декември сте патувале во некоја од ЕУ земјите (шенген зона)? | |
|---|---|
| Да | 6.6% |
| Не | 93.4% |
| Вкупно | 100,0% |


Cico Popovic 6-2/9 1000 Skopje, Macedonia :: Phone: +389 2 3109 932 Fax: +389 2 3109 932
www.crpm.org.mk :: crpm@crpm.org.mk

**30,1**% од испитаниците кои одговориле дека не патувале, се изјасниле дека главна причина за тоа е недостатокот на финансиски средства, а ист процент (**27,8%**) сеуште не успеале да извадат биометриски пасош. Од оние кои успеале да извадат биометриски пасош, **18,9%** го искористиле за да патуваат во некоја од земјите на ЕУ. Сепак, дека пасошот е значаен фактор за патувањето покажува податокот дека само **2,8%** од испитаниците кои сеуште немаат нов биометриски пасош патувале по 19 декември. **На 5,7% од испитаниците кои патувале им биле побарани и дополнителни документи** покрај биометрискиот пасош или визата која ја поседувале.

Што се однесува до етничката припадност на оние кои патувале пред и по визната либерализација забележлив е трендот дека пред 19 декември 2009 процентуално повеќе патувале испитаниците етнички Македонци, додека по 19 декември 2009 трендот е обратен – повеќе патувале испитаниците етнички Албанци.

| **Дали сте патувале пред 19 декември во земјите на ЕУ (одговори според етничка припадност)** | | |
|---|---|---|
| | Да | Не |
| Македонци | 42,2% | 57,8% |
| Албанци | 34,4% | 65,6% |

| **Дали сте патувале по 19 декември во земјите на ЕУ (одговори според етничка припадност)** | | |
|---|---|---|
| | Да | Не |
| Македонци | 5,7% | 94,3% |
| Албанци | 9,1% | 90,9% |

Од испитаниците кои патувале пред визната либерализација, најбројна возрасна група била онаа на луѓе од 46-65 години (**35,4%),** додека меѓу испитаниците кои патувале по визната либерализација, најмногу биле оние на возраст помеѓу 26-35 години (**31,5%**).



Cico Popovic 6-2/9 1000 Skopje, Macedonia :: Phone: +389 2 3109 932 Fax: +389 2 3109 932
www.crpm.org.mk :: crpm@crpm.org.mk